**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**



# К О Н К У Р С

**за запишување студенти на прв циклус на студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип во учебната 2022/2023 година**

**Штип, 2022 година**

## Конкурс за запишување студенти на прв циклус универзитетски и стручни студии на студиските програми на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип во учебната 2022/2023 година

### I. Број на студенти

На единиците на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип во прва година на прв циклус универзитетски и стручни студии, за кои се стекнува универзитетска диплома или професионална диплома, во учебната 2022/2023 година ќе се запише следниов број студенти:

| ФАКУЛТЕТИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Редовни во државна квота | Износ на надоместок (ЕУР - годишно) | Редовни со кофинансирање | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вонредни | Износ на кофинасирање (ЕУР - годишно) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ - ШТИП** | **165** | **100/200** | **55** | **100/400** | **60** | **400** | **280** |
| **ШТИП** | | | | | | | |
| Правни студии | 90 | 200 | 10 | 400 | 20 | 400 | 120 |
| Медиумски студии и односи со јавноста | 25 | 200 | 5 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| International Law and international relations (тригодишни студии) | / | / | 30 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| **СТРУМИЦА** | | | | | | | |
| Правни студии | 50 | 100 | 10 | 100 | 20 | 400 | 80 |
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - ШТИП** | **160** | **100/200** | **40** | **100/400** | **40** | **400** | **240** |
| **ШТИП** | | | | | | | |
| Бизнис економија | 40 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 60 |
| Менаџмент и маркетинг | 40 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 60 |
| Сметководство и ревизија | 40 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 60 |
| Финансии | 40 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 60 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ - ШТИП** | **80** | **100/200** | **20** | **100/400** | **40** | **400** | **140** |
| **ШТИП** | | | | | | | |
| Одделенска настава | **25** | 200 | **5** | 400 | **10** | 400 | **40** |
| Предучилишно воспитување | **25** | 200 | **5** | 400 | **15** | 400 | **45** |
| Историја и археологија | **10** | 200 | **5** | 400 | **5** | 400 | **20** |
| Педагогија | **20** | 200 | **5** | 400 | **10** | 400 | **35** |
| **ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА - ШТИП** | **20** | **200** | **10** | **400** | **/** | **400** | **30** |
| **ШТИП** | | | | | | | |
| Класично сликарство | 10 | 200 | 5 | 400 | / | 400 | 15 |
| Вајарство | 10 | 200 | 5 | 400 | / | 400 | 15 |

| ФАКУЛТЕТИ<br>СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Редовни во државна квота | Износ на надоместок (ЕУР - годишно) | Редовни со кофинансирање | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вонредни | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА - ШТИП** | **107** | **200** | **43** | **400** | | **400** | **150** |
| **ШТИП** | | | | | | | |
| Дипломиран музички теоретичар и музички педагог<br>Модули:<br>• Хорски диригент<br>• Изведувач на народни инструменти<br>• Изведувач на етно хармоника<br>• Изведувач етно пејач | 30 | 200 | 10 | 400 | / | 400 | 40 |
| Дипломиран етнокореолог | 10 | 200 | 5 | 400 | / | 400 | 15 |
| Дипломиран музичар изведувач | | 200 | | 400 | | 400 | |
| Музичар изведувач - Флејта | 2 | 200 | 1 | 400 | | 400 | 3 |
| Музичар изведувач - Кларинет | 3 | 200 | 1 | 400 | | 400 | 4 |
| Музичар изведувач - Труба | 3 | 200 | 1 | 400 | | 400 | 4 |
| Музичар изведувач - Виолина | 3 | 200 | 1 | 400 | | 400 | 4 |
| • Гитара | 3 | 200 | 1 | 400 | | 400 | 4 |
| • Соло пеење | 5 | 200 | 4 | 400 | | 400 | 9 |
| • Пијано | 6 | 200 | 4 | 400 | | 400 | 10 |
| Модули:<br>• Камерна музичка<br>• Корепетиција | | 200 | | 400 | | 400 | |
| Дипломиран џез музичар | | 200 | | 400 | | 400 | |
| Џез гитара | 5 | 200 | 1 | 400 | | 400 | 6 |
| Jazz Guitar (на англиски јазик) | 3 | 200 | 1 | 400 | | 400 | 4 |
| Џез труба | 2 | 200 | 1 | 400 | | 400 | 3 |
| Jazz Trumpet (на англиски јазик) | 2 | 200 | 1 | 400 | | 400 | 3 |
| Џез саксофон | 5 | 200 | 2 | 400 | | 400 | 7 |
| Jazz saxophone (на англиски јазик) | 2 | 200 | 1 | 400 | | 400 | 3 |
| Џез ударни | 5 | 200 | 1 | 400 | | 400 | 6 |
| Jazz percussions (на англиски јазик) | 2 | 200 | 1 | 400 | | 400 | 3 |
| Џез пијано | 4 | 200 | 1 | 400 | | 400 | 5 |
| Jazz piano (на англиски јазик) | 2 | 200 | 1 | 400 | | 400 | 3 |
| Џез бас | 3 | 200 | 1 | 400 | | 400 | 4 |
| Jazz bass* | 2 | 200 | 1 | 400 | | 400 | 3 |
| Џез пеење | 3 | 200 | 1 | 400 | | 400 | 4 |
| Jazz singing | 2 | 200 | 1 | 400 | | 400 | 3 |
| **ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА - ШТИП** | **20** | **200** | **10** | **400** | **/** | **400** | **30** |
| **ШТИП** | | | | | | | |
| Современ танц (тригодишни студии)* | 10 | 200 | 5 | 400 | / | 400 | 15 |
| Contemporary dance performance - тригодишни студии | 10 | 200 | 5 | 400 | / | 400 | 15 |

| ФАКУЛТЕТИ<br>СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Редовни во државна квота | Износ на надоместок (ЕУР - годишно) | Редовни со кофинансирање | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вонредни | Износ на кофинасирање (ЕУР - годишно) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ - ШТИП** | **150** | **100/200** | **50** | **100/400** | **60** | **400** | **260** |
| **ШТИП** | | | | | | | |
| Поледелство | 30 | 200 | 10 | 400 | 20 | 400 | 60 |
| Фитомедицина – заштита на растенијата | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 50 |
| Квалитет и безбедност на храна | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 50 |
| **СТРУМИЦА** | | | | | | | |
| Градинарство | 30 | 100 | 10 | 100 | 10 | 400 | 50 |
| **КАВАДАРЦИ** | | | | | | | |
| Лозарство и винарство | 30 | 100 | 10 | 100 | 10 | 400 | 50 |
| **УНИВЕРЗИТЕТСКА СТУДИСКА ПРОГРАМА - ШТИП** | **15** | **200** | **5** | **400** | **5** | **400** | **25** |
| Биологија | 15 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 25 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА - ШТИП** | **220** | **200** | **50** | **400** | **70** | **400** | **340** |
| **ШТИП** | | | | | | | |
| Компјутерско инженерство и технологии | 100 | 200 | 20 | 400 | 20 | 400 | 140 |
| Компјутерски науки | 80 | 200 | 20 | 400 | 20 | 400 | 120 |
| Применета математика | 20 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| Математика - наставна | 20 | 200 | / | 400 | 20 | 400 | 40 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ - ШТИП** | **120** | **100/200** | **30** | **100/400** | **40** | **400** | **190** |
| **ШТИП** | | | | | | | |
| Рударство | 20 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 30 |
| Геологија | 15 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 25 |
| Инженерство за заштита на животна средина | 15 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 25 |
| Дизајн на ентериер и мебел | 30 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 40 |
| **КАВАДАРЦИ** | | | | | | | |
| Индустриска логистика | 30 | 100 | 5 | 100 | 15 | 400 | 50 |
| Инженерство за заштита на животна средина | 10 | 100 | 5 | 100 | 5 | 400 | 20 |
| **ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - ШТИП** | **180** | **100/200** | **80** | **100/400** | **70** | **400** | **330** |
| **ШТИП** | | | | | | | |
| Германски јазик и книжевност** | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 50 |
| Англиски  јазик и книжевност** | 50 | 200 | 20 | 400 | 10 | 400 | 80 |
| Турски  јазик и книжевност** | 20 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| Македонски јазик и книжевност** | 20 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| Италијански јазик и книжевност** | 15 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 35 |
| **СТРУМИЦА** | | | | | | | |
| Англиски јазик и книжевност** | 30 | 100 | 10 | 100 | 10 | 400 | 50 |
| Италијански јазик и книжевност** | 15 | 100 | 10 | 100 | 10 | 400 | 35 |

| ФАКУЛТЕТИ<br>СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Редовни во државна квота | Износ на надоместок (ЕУР - годишно) | Редовни со кофинансирање | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вонредни | Износ на кофинасирање (ЕУР - годишно) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ - ШТИП** | **340** | **200** | **280** | **400** | **180** | **400** | **800** |
| **ШТИП** | | | | | | | |
| Општа медицина*** | 80 | 200 | 80 | 400 | / | 400 | 160 |
| Општа медицина на англиски јазик**** | / | / | 80 | 6000 | / | / | 80 |
| Дентална медицина | 40 | 200 | 40 | 400 | / | 400 | 80 |
| Фармација | 40 | 200 | 40 | 400 | / | 400 | 80 |
| Медицински лаборанти | 30 | 200 | 20 | 400 | 30 | 400 | 80 |
| Физиотерапевти | 30 | 200 | 20 | 400 | 30 | 400 | 80 |
| Акушерки | 30 | 200 | 20 | 400 | 30 | 400 | 80 |
| Медицински сестри/техничари | 30 | 200 | 20 | 400 | 30 | 400 | 80 |
| Забен техничар/протетичар | 30 | 200 | 20 | 400 | 30 | 400 | 80 |
| Оптометрија и очна оптика | 30 | 200 | 20 | 400 | 30 | 400 | 80 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА - ГЕВГЕЛИЈА** | **345** | **100/200** | **40** | **100/400** | **85** | **400** | **470** |
| **ГЕВГЕЛИЈА** | | | | | | | |
| Туризам и угостителство | 10 | 200 | / | 400 | / | 400 | 10 |
| Бизнис логистика | 15 | 200 | / | 400 | 5 | 400 | 20 |
| **ШТИП** | | | | | | | |
| Туризам и угостителство | 20 | 100 | / | 100 | 5 | 400 | 25 |
| Хотелско – ресторански менаџмент | 35 | 100 | / | 100 | 10 | 400 | 45 |
| Бизнис логистика | 30 | 100 | / | 100 | 10 | 400 | 40 |
| Бизнис администрација | 20 | 100 | / | 100 | 10 | 400 | 30 |
| **СКОПЈЕ** | | | | | | | |
| Бизнис логистика | 85 | 100 | 25 | 100 | 20 | 400 | 130 |
| Бизнис администрација | 60 | 100 | 15 | 100 | 10 | 400 | 85 |
| Туризам и угостителство | 30 | 100 | / | 100 | 5 | 400 | 35 |
| Хотелско – ресторански менаџмент | 40 | 100 | / | 100 | 10 | 400 | 50 |
| **ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ - ШТИП** | **110** | **100/200** | **45** | **100/400** | **55** | **400** | **210** |
| **ШТИП** | | | | | | | |
| Мехатроника и роботика | 30 | 200 | 5 | 400 | 10 | 400 | 45 |
| Автоматика и системско инженерство | 40 | 200 | 20 | 400 | 10 | 400 | 70 |
| Електроенергетика и обновливи извори на енергија | 40 | 200 | 20 | 400 | 10 | 400 | 70 |
| **СКОПЈЕ** | | | | | | | |
| Мехатроника и роботика | / | 100 | / | 100 | 5 | 400 | 5 |
| Автоматика и системско инженерство | / | 100 | / | 100 | 10 | 400 | 10 |
| Елктроенергетика и обновливи извори на енергија | / | 100 | / | 100 | 10 | 400 | 10 |

| ФАКУЛТЕТИ<br>СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Редовни во државна квота | Износ на надоместок (ЕУР - годишно) | Редовни со кофинансирање | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вонредни | Износ на кофинасирање (ЕУР - годишно) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - ШТИП** | **100** | **100/200** | **50** | **100/400** | **30** | **400** | **180** |
| **ШТИП** | | | | | | | |
| Мехатроника | 20 | 200 | 10 | 400 | / | 400 | 30 |
| Машинско инженерство | 20 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| Информатичка технологија во машинството | 20 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| **СТРУМИЦА** | | | | | | | |
| Мехатроника | 20 | 100 | 10 | 100 | / | 400 | 30 |
| Машинско инженерство | 20 | 100 | 10 | 100 | 10 | 400 | 40 |
| **ТЕХНОЛОШКО - ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ - ШТИП** | **70** | **100/200** | **25** | **100/400** | **20** | **400** | **115** |
| **ШТИП** | | | | | | | |
| Технологија на материјали | 15 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 25 |
| Дизајн и технологија на текстил и облека | 15 | 200 | 5 | 400 | 10 | 400 | 30 |
| Прехранбена технологија | 20 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 30 |
| **СТРУМИЦА** | | | | | | | |
| Дизајн и технологија на текстил и облека | 5 | 100 | 5 | 100 | / | 400 | 20 |
| Прехранбена технологија | 15 | 100 | 5 | 100 | / | 400 | 20 |
| **ВКУПНО** | **2282** | | **833** | | **755** | | **3870** |

* Акредитацијата на овие студиски програми е во тек.
** Студентите кои ќе се запишат на овие студиски програми во петти семестар можат да се определат за една од насоките: наставна или преведување и толкување, додека студентите од групата Македонски јазик и книжевност во петти семестар може да се определат за наставна или применета насока.
*** Дополнителни критериуми за запишување на студиската програма се дефинирани во II. Услови и критериуми за запишување
**** За оваа студиска програма ќе има дополнително известување. (Доколку се запишат помалку од 20 студенти на оваа студиска програма теоретскиот дел ќе биде on-line, а практичниот ќе се реализира со физичко присуство.)

**НАПОМЕНИ:**

Универзитетот ја организира наставата во првиот циклус на студии на соодветните единиците надвор од своето седиште, во местото каде што се врши уписот, до добивањето на диплома за освоените 180 кредити. Универзитетот го задржува правото во одредени случаи да ја организира наставата за дополнителните 60 кредити од првиот циклус на студии во седиштето на единицата, за добивање на диплома за прв циклус на студии.

Во случај на предвидените студиски програми на единиците да се запишат помалку од 20 студенти, Универзитетот „Гоце Делчев“ го задржува правото да го распредели студентот на матичниот факултет или студентот да може да одбере друга активна студиска програма на која има слободни места. Исклучок се студиските програми кои по Конкурс имаат предвидено помали квоти од 20 студенти.

## II. Услови и критериуми за запишување

Право на запишување на прв циклус универзитетски и стручни студии имаат кандидати со завршено четиригодишно средно образование, и тоа:

- кандидати завршени по учебната 2020/2021 **со државна матура**,
- кандидати завршени во учебната 2019/2020 **без државна матура**,
- кандидати **со завршена државна матура** пред учебната 2019/2020,
- кандидати **со завршено образование пред учебната 2007/2008 година и не полагале државна матура**, како и
- кандидати со завршено четиригодишно средно образование **(со завршена меѓународна матура)**.

**При пријавување на кандидатите за запишување на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во онлајн апликацијата кандидатите можат селективно да ги набележат своите три можни приоритетни избори на студиски програми од различни единици кои се во рамките на Универзитетот.**

**Пример:**

1. **Државна квота, Факултет А**
2. **Кофинансирање, Факултет А**
3. **Државна квота, Факултет Б**

Кандидатите се запишуваат како редовни студенти финансирани од државата и редовни студенти со кофинансирање на студиите.

На прв циклус на студии можат да се запишуваат и вонредни студенти, доколку тоа го овозможува карактерот на студиската програма.

Начинот на селекција и рангирање на кандидатите ќе се врши во зависност од видот на студиските програми за кои конкурираат, и тоа:

a) на студиските програми без проверка на знаења и умеења на кандидатите, каде што селекцијата се врши само според успехот од средното образование (успехот од средното образование за кандидатите без матура, односно успехот од средното образование и матурата за кандидатите со положена матура) кој учествува со 100%, односно по таа основа можат да се добијат најмногу 100 поени, и

b) студиски програми со проверка на знаења и умеења на кандидатите), каде што селекцијата ќе се врши врз основа на успехот од средното образование (успехот од средното образование за кандидатите без матура, односно успехот од средното образование и матурата за кандидатите со положена матура) кој учествува со 40% (40 поени) и успехот од проверката на знаењата и умеењата на кандидатот, кој учествува со 60% (60 поени);

   На крај на овој конкурс **е дадена листа на студиските програми со проверката на знаењата и умеењата на кандидатите (листа 1).**

Основен критериум за селекција и рангирање на кандидатите за запишување на додипломски студии е успехот постигнат во средното образование. Во зависност од видот на студиската програма, дополнителен критериум за селекција е проверка на знаењата и умеењата на кандидатите.

Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени. Кандидатите можат да освојат најмногу **100 поени, односно 40 поени** за оние што имаат проверката на знаењата и умеењата.

**Дополнителни критериуми за студиска програма по Општа медицина**

По одлука бр. 2002-167/67 од 07.06.2022 г. од Факултет за Медицински науки се дефинираат критериуми за упис на студенти на студиската програма по Општа медицина во учебната 2022/23 година, и тоа:

1. Во уписните рокови да се прифаќаат само документи ка кандидати кои имаат најмалку 80 бода по сите основи (успех од четири години завршено средно образование и успех од положена матура);
2. Бројот на запишаните странски студенти да биде 30% од вкупниот број на запишани студенти од трите квоти за оваа студиска група.

## 1. Студиски програми без проверка на знаења и умеења на кандидатите, каде што селекцијата се врши само според успехот од средното образование

### 1.1. <u>Државна матура</u>

1.1.1. Успех од средното образование

Се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со **12**. По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

| |
|---|
| просечна оценка X 12 = најмногу 60 поени<br><br>(пример со просек 5,00:    5 x 12 = 60 поени) |

1.1.2.Успех постигнат на државната матура

Кон оценката од секој екстерен предмет **($Е_1$ и $Е_2$)** се додава перцентилниот ранг на кандидатот (изразен во проценти) поделен со 20. По оваа основа можат да се добијат најмногу **20 поени** за екстерните предмети **(а).**

Оценката од интерниот предмет **($И_1$ и $И_2$)** кој се полагал на државната матура се собира со просекот на оценките од прва до четврта година по тој предмет. Овој резултат се дели со 2 и така се добива резултат. По оваа основа можат да се добијат најмногу **16 поени (б).**

Оценката добиена на **проектната задача** (**П**) се множи со **коефициент 0,8**. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени (в).**

| |
|---|
| **(а) = ($Е_1$ + $ПР_1$/20) + ($Е_2$ + $ПР_2$/20) = најмногу 24 поени** |

| |
|---|
| **(б) = (($И_1$ + Просек$И_1$)/2) + (($И_2$ + Просек$И_2$)/2) = најмногу 12 поени** |

| |
|---|
| **(в) = П X 0,8 = најмногу 4 поени** |

Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу **40 поени (а+б+в).**

### 1.2. <u>Без матура</u>

На студиските програми каде што селекцијата ќе се врши **само според успехот од средното образование (кандидати без матура),** бодирањето се врши на следниов начин:

1.2.1. Успехот од средното образование

Се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со **20.** По оваа основа може да се добијат најмногу **100 поени**.

| **просечна оценка X 20 = најмногу 100 поени**<br><br>(пример со просек 5,00:    5 x 20 = 100 поени) |
|---|

**1.3. <u>Меѓународна матура</u>**

1.3.1. Успех од средното образование

Бодирањето се врши на следниов начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со **12.** По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

**просечна оценка X 12 = најмногу 60 поени**

| (пример со просек 5,00:    5 x 12 = 60 поени) |
|---|

1.3.2. Успех постигнат на меѓународната матура

Секоја оценка од шесте предмети кои се полагаат на меѓународната матура се множи со **коефициент 1,2**. Вака добиените коефициенти се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу **36 поени** (б).

Оценката добиена на матурската тема се множи со **коефициент 0,8**. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени** (в).

Вкупниот успех од меѓународната матура може да донесе најмногу **40 поени**.

| $а_1$ = 1 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени<br>$а_2$ = 2 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени<br>$а_3$ = 3 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени<br>$а_4$ = 4 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени<br>$а_5$ = 5 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени<br>$а_6$ = 6 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени<br><br>**б = збир $а_1$+ $а_2$ +...$а_6$ = најмногу 36 поени**<br><br>**в = матурска тема X 0,8 = најмногу 4 поени**<br>**б+в = најмногу 40 поени**<br><br>(пример со просек 5,00: (5x1,6)+(5x1,6)+(5x1,6)+(5x1,6)+(5x1,6)+(5x1,6)+(5x 0,8) = 40 поени) |
|---|

**2. Студиски програми со проверка на знаења и умеења на кандидатите, каде што селекцијата се врши според успехот од средното образование (кандидати без или со матура) и проверката на знаењата и умеењата на кандидатот**

На факултетите каде се врши проверка на знаењата и умеењата бодовите од успехот од средното образование со или без матура, поените од успехот од средното образование се добиваат според точка 1. Вкупниот добиен збир по оваа основа се множи со **коефициент 0,4.** По оваа основа може да се добијат најмногу 40 поени.

**Пресметка на бодовите од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите се врши на следниов начин:**

На студиските програми со посебни специфичности селекцијата на кандидатите ќе се врши според успехот од средното образование кое учествува со 40% и со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите, кое учествува со 60%.

Проверка на знаењата и умеењата на кандидатите се врши со бодување од 0 до 60 поени. Проверката има елиминаторен карактер. Не се рангираат кандидатите што не добиле најмалку 10 поени.

Кандидатите се рангираат со собирање на бодовите добиени по двата основа.

**Проверка на знаењата и умеењата ќе се спроведува на следниве факултети:**

А. Музичка академија
Б. Ликовна академија
В. Филмска академија
Г. Факултет за образовни науки (проверка на психофизички способности)

**Начинот на проверка на знаењата и умеењата е даден во прилог на Конкурсот - Листа 1**

## III. Селекција на кандидатите

1. За реализација на Конкурсот за запишување, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип формира конкурсни комисии за секоја единица. На **Музичката академија**, **Филмска академија** и **Ликовната академија** се формира Комисија за проверка на знаењата и умеењата на кандидатите. На **Факултетот за образовни науки** се формира Комисија за проверка на психофизички способности.

2. Реализацијата на Конкурсот ќе ја следи Универзитетска конкурсна комисија, која се грижи за доследно почитување на одредбите од Конкурсот, дава упатства и мислења во текот на неговото спроведување, одлучува по приговорите на прелиминарната ранг-листа и донесува решение за прием.

3. Рангирањето на кандидатите го врши Универзитетската конкурсна комисија.

4. Конкурсните комисии на огласната табла и на веб-страницата на Универзитетот ги објавуваат поените од средното образование (среден успех) и резултатите од проверката на знаењата и умеењата на **Музичката академија**, **Филмска академија** и **Ликовната академија**. Кандидатот има право на приговор до Универзитетската конкурсна комисија во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите. Во спротивно, го губи правото на приговор во натамошната постапка во поглед на објавените резултати.

5. По објавувањето на прелиминарната ранг-листа на кандидатите за запишување од страна на конкурсната комисија, кандидатот има право на приговор во рок од 24 часа. Приговорот се однесува само на технички пропусти и грешки направени при пресметувањето на бодовите и се упатува до Универзитетската конкурсна комисија преку пополнет образец на prigovori@ugd.edu.mk. Повеќе информации можат да се најдат на сајтот на Универзитетот во делот за уписи.
   Решението на Универзитетската конкурсна комисија е конечно. Одлуките по приговорите се објавуваат на огласната табла на Универзитетот.

   По истекот на роковите за поднесување на приговори и за нивно решавање, Универзитетската конкурсна комисија објавува решение за прием на студенти за секоја единица на Универзитетот одделно (конечна ранг-листа), врз основа на која се врши запишување на студенти.

6. На студиските програми на кои по завршувањето на првиот уписен рок ќе останат непополнети места се врши запишување во втор и трет уписен рок.

7. Доколку во првиот уписен рок при рангирањето на крајот на листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени (најмногу пет кандидати) факултетот ги запишува сите вакви кандидати. Ако, пак, бројот на ваквите кандидати е поголем од пет, предност имаат кандидати – добитници на награди на државни и меѓународни натпревари во области значајни за соодветната студиска програма.
Доколку во вториот уписен рок се повтори истата ситуација, се примаат онолку кандидати колку што е утврдено со Конкурсот, а предност имаат кандидати – добитници на награди на државни и меѓународни натпревари во области значајни за соодветната студиска програма. Видот и соодветноста на наградите ги утврдува факултетот – носител на студиската програма.

## IV. Запишување редовни студенти

8. Студентите во државна квота се запишуваат со плаќање надоместок во износ од 200 евра, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на СРМ, студентите во квотата за кофинансирање се запишуваат со плаќање надоместок за кофинансирање на студиите во износ од 400 евра, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на СРМ. Вонредните студенти се запишуваат со плаќање надомест во износ од 400 евра, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на СРМ. Плаќањето се врши во четири еднакви рати на почетокот и на крајот на секој семестар, за секоја студиска година во текот на целото студирање.

9. **Ослободување од плаќање на партиципација** за студирање во првата година од студиите во студиската 2022/2023 г. е можна за запишани во прв уписен рок како редовни студенти во државна квота на:

- **Филолошки факултет**
    - студентите запишани во прв уписен рок како редовни студенти во државна квота на студиската програма Македонски јазик и književност,
    - првите 10 рангирани редовни студенти од прв уписен рок запишани на останатите студиски програми на Филолошкиот факултет (Англиски јазик и книжевност, Германски јазик и книжевност, Италијански јазик и книжевност и Турски јазик и книжевност) исто така нема да плаќаат партиципација за студирање во првата година од студиите.

- **Факултет за медицински науки** – најдобрите 30 рангирани кандидати
- **Земјоделски факултет** - најдобрите 20 рангирани кандидати
- **Факултет за природни и технички науки** - најдобрите 20 рангирани кандидати
- **Економски факултет** - најдобрите 20 рангирани кандидати
- **Правен факултет** - најдобрите 20 рангирани кандидати
- **Факултет за туризам и бизнис логистика** - најдобрите 20 рангирани кандидати
- **Електротехнички факултет** - најдобрите 10 рангирани кандидати
- **Машински факултет** - најдобрите 10 рангирани кандидати
- **Технолошко-технички факултет** - најдобрите 10 рангирани кандидати
- **Факултет за информатика** - најдобрите 20 рангирани кандидати
- **Факултет за образовни науки** - најдобрите 10 рангирани кандидати
- **Музичка академија** - најдобрите 10 рангирани кандидати
- **Ликовна академија** - најдобрите 5 рангирани кандидати
- **Филмска академија** - најдобрите 5 рангирани кандидати

- **Членови на спортските клубови** кои се дел од спортските екипи кои го носат името на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип ќе бидат ослободени од плаќање партиципација за првата година од студиите на прв циклус.

10. Универзитетот нема да наплатува партиципација за:
    - **лица без родители** помлади од 26 години, доколку се невработени;
    - **лица со инвалидност**, согласно уредбата на Владата
    - **воени инвалиди**;
    - лица **растени во домови** за напуштени деца, доколку се невработени

    Средствата за партиципација на овие лица ќе се покриваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

    Студентите од **ромска националност**, кои ќе се запишат во учебната 2022/2023 година се ослободени од партиципација за прв и втор семестар согласно проектот на Владата на Република Северна Македонија.

    Припадниците на **безбедносните сили**, **децата на загинат** (во вооружени дејствија) или **починат** (смрт што настапила како директна последица од рана или повреда стекната во текот на вооружените дејствија) припадник на безбедносните сили, утврдени со одредбите од член 2 и член 4 од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и членовите на нивните семејства („Сл. весник на СРМ“ бр. 2/2002, 17/2003 и 30/2004 и 66 од 31.05.2007), во учебната 2022/2023 година ќе се запишуваат надвор од државната квота без плаќање кофинансирање, под услови за запишување утврдени во овој Конкурс, а нивниот број може да изнесува најмногу 10% од вкупниот број студенти на соодветна студиска програма.
    Правото од претходниот став кандидатите го остваруваат при пријавувањето, со документ од Министерството за одбрана или од Министерството за внатрешни работи. Дополнително доставување документ за кандидатите кои се запишуваат во прва година не се зема предвид.

## V. Запишување вонредни студенти

11. Како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и имаат потпишано изјава во која се наведува причината за вонредното студирање под целосна лична одговорност.

12. Вонредни студенти се запишуваат според исти услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг-листа.

## VI. Запишување на студенти со кофинансирање

13. На Универзитетот, како редовни студенти на одделните студиски програми, се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, а поради ограничените квоти не можат да се запишат во категоријата студенти финансирани од државата.

14. Студентите што се запишуваат во оваа категорија, износот утврден во глава I од Конкурсот го плаќаат во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банка на СРМ. За студентите кои плаќаат надоместок за кофинансирање на студиите во износ од 400 евра плаќањето се врши во 4 (четири) еднакви рати на почетокот и на крајот на секој семестар, за секоја студиска година во текот на целото студирање.

За останатите плаќањето се врши во две еднакви рати на почетокот од секој семестар.

15. Надоместокот за кофинансирање на студиите за студентите запишани на студиската програма Општа медицина на англиски јазик изнесува 6000 евра за една академска година.

16. Листата на примените кандидати во оваа категорија ја утврдува Универзитетската конкурсна комисија врз основа на ранг-листа.

17. Студентите со кофинансирање при запишувањето склучуваат договор со факултетот за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес.

## VII. Кандидати со завршено средно образование во странство

### а) Странски државјани

18. Странските државјани се запишуваат надвор од квотите утврдени во Конкурсот, **најмногу 20%** од квотата за упис на студенти за секоја единица на Универзитетот.

19. Странски студент кој аплицира да биде студент на студиските програми на Универзитетот треба да поседува: копија од потврдата издадена од Министерство за образование и наука за започнување на постапка за нострификација на дипломата од средно образование, копија од документите кои се доставени до Министерство за образование и наука за нострификација на дипломата од средно образование, лекарско уверение за психофизичка состојба издадена од лекар специјалист во државата од која доаѓа странскиот студент преведена на македонски јазик од овластен судски преведувач.

20. По примањето на апликацијата и разгледување на документите од страна на Универзитетот, странскиот студент се упатува на подготвителна настава, т.е. посетување на курс за јазици, за што Универзитетот издава потврда дека студентот е студент на Универзитетот и истиот е запишан на подготвителна настава на Универзитетот.
21. По завршување на подготвителната настава странскиот студент најдоцна до 1 септември ги поднесува следниве документи за упис на студиските програми на Универзитетот:
    - Сертификат А1 и А2;
    - Решение за нострификација на диплома за завршено средно образование издадено од Министерството за образование и наука;
    - Оригинални документите кои се доставени до Министерство за образование и наука за нострификација на дипломата од средно образование;
    - Лекарско уверение за психофизичка состојба издадена од лекар специјалист во државата од која доаѓа странскиот студент преведена на македонски јазик од овластен судски преведувач (не постаро од 6 месеци);
    - Уверение за кривична неосудуваност на странскиот студент издадено од орган во државата од каде што доаѓа странскиот студент преведено на македонски јазик кај овластен судски преведувач.

22. На странските државјани кои се пријавуваат на Музичка академија, Филмска академија и Ликовна академија им се врши проверка на знаењата и умеењата.

23. Надоместокот за плаќање на студиите за странските редовни студенти за учебната 2022/2023 година изнесува 1000 евра (во денарска противвредност) за една година на сите единици, освен на Факултетот за медицински науки, каде што за една година се

наплаќа 1500 евра (во денарска противвредност) и 100 евра (во денарска противвредност) за лабораториски трошоци за секоја студиска година.

24. Во оваа категорија влегуваат и кандидатите странски државјани чии родители или пак тие работат во дипломатските претставништва во Република Северна Македонија.

**б) Иселеници и државјани на СРМ со завршено целокупно средно образование и со дел на средното образование во странство**

25. Кандидатите, државјани на СРМ, кои целокупното средно образование го завршиле во странство, се запишуваат надвор од квотата, најмногу 10% од вкупниот број на студенти коишто се запишуваат во прва година на ниво на факултет.

## VIII. Дополнителни квоти утврдени од Владата на СРМ

26. За обезбедување на правична и соодветна застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Р. Северна Македонија, дополнително ќе се запишат студенти припадници на овие заедници, чиј број изнесува најмногу 10% од вкупниот број на студенти коишто се запишуваат во прва година на ниво на факултет. Притоа, во рамките на овој процент, соодветно ќе бидат застапени припадниците на сите заедници до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население во Република Северна Македонија.

    На студиските програми, кои освен на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип се застапени и на Универзитетот во Тетово и на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, припадниците на албанската заедница ќе се запишуваат само во редовните квоти.

## IX. Рокови за пријавување, проверка на знаења и умеење и запишување*

| РОКОВИ ЗА КОНКУРСОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ 2022/2023 ГОДИНА | I УПИСЕН РОК | II УПИСЕН РОК | III УПИСЕН РОК |
|---|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите* | **25, 26, 29 и 30 август** | **9 и 12 септември** | **21 и 22 септември** |
| Објавување на прелиминарни резултати | **31 август** | **13 септември** | **23 септември** |
| Приговори на прелиминарни резултати | **1 септември** | **14 септември** | **26 септември** |
| Објавување на решение за прием на кандидатите | **2 септември** | **16 септември** | **28 септември** |
| Запишување на кандидатите | **5, 6 и 7 септември** | **19 и 20 септември** | **29 и 30 септември** |

* Проверката на знаења и умеења ќе се врши во организација на факултетите во контакт со кандидатите

## X. Документи за пријавување и запишување

Пријавувањето и запишување на Универзитетот ќе биде организирано онлајн.

Кандидатите поднесуваат/креираат електронска апликација со лични податоци и податоци од средното образование во https://eupisi.ugd.edu.mk/. Во рамките на електронската апликација ги плаќаат (електронски) и трошоците за пријавување:

- На студиски програми на кои **НЕ СЕ** врши проверка на знаења и умеења:
  - 300 денари на жиро-сметка на Универзитетот (приходна шифра 723019 во електронското плаќање при креирање на електронска апликација), и
  - 50,00 денари административна такса (приходна шифра ТМ во електронското плаќање при креирање на електронска апликација)
- На студиски програми на кои **СЕ** врши проверка на знаења и умеења:
  - 500 денари на жиро-сметка на Универзитетот (приходна шифра 723019 во електронското плаќање при креирање на електронска апликација), и
  - 50,00 денари административна такса (приходна шифра ТМ во електронското плаќање при креирање на електронска апликација)

Потребни документи се:

- Пријава за упис која се генерира од апликацијата за упис,
- Свидетелства од 4-те години средно образование + диплома (државна матура, меѓународна матура, без матура),
  - Се доставуваат оригинални документи (не копирани документи заверени кај нотар)
  - Свидетелствата и дипломата стекнати во странство треба да бидат нострифицирани.
- Извод од матичната книга на родените (не постар од 6 месеци);
- Доказ за државјанство на РМ (уверение или решение, не постар од 6 месеци).
- Лицата со посебни права да ги достават дополнителните документи според конкурсот (IV-10)

Во случај на уплата преку институции за ПП (банки, пошти), спомнатите уплати се приложуваат заедно со останатите документи:

Жиро-сметка на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип 100000000063095
Сметка на корисник 1600160330-788-18
Приходна шифра 723019
Програма 44
Образец ПП-50

Заинтересираните кандидати по поднесувањето/креирањето на електронска апликација мора да ги достават документите до сите студиски центри, односно во **Штип, Струмица, Скопје, Кавадарци и Гевгелија** според дефинираните термини и локации на сајтот на Универзитет Гоце Делчев – Штип.

Примените кандидати кои ги има на конечни решенија за прием на: https://upisi.ugd.edu.mk, се запишуваат електронски, преку модулот за пријавување и запишување: https://eupisi.ugd.edu.mk.

Детални информации се истакнати на сајтот на универзитет Гоце Делчев – Штип.

Студентот запишан на една студиска програма на некоја од студиските програми на Универзитетот како редовен, во текот на студирањето може да го промени својот статус и тоа:

- Редовен студент во државна квота во кофинансирање или вонредно студирање или на друга студиска програма со ист статус
- Не е дозволено префрлување од кофинансирање или вонредно студирање во државна квота.

***<u>Листа 1</u>*: Студиски програми за кои се врши проверка на знаења и умеења**

***Музичка академија***

*Оддел за Дипломиран музички теоретичар и музички педагог*
*Оддел за Дипломиран етнокореолог*
*Оддел за Дипломиран музичар изведувач*
*Оддел за Дипломиран џез музичар*

***Ликовна академија***

*Класично сликарство*
*Вајарство*

***Филмска академија***

*Современ танц*
*Современ танц (на англиски јазик)*

***Студиски програми за кои се врши проверка на психофизички способности***
***Факултет за образовни науки***

*Одделенска настава*
*Предучилишно воспитување*
*Педагогија*

***Детални информации за содржините и начинот на тестирањето може да се најдат на веб страната на универзитетот.***